# ПРАВИЛА
# НА СЕРТИФИКАЦИЈА

# 1. Општо

## 1.1 Цел

Правилата за сертификација (во продолжение Правилата) служат како информација за учесниците во постапката на сертификација. Правилата ги дефинира општите барања на подносителите на Пријава за оцена и потврда на постојаност на својства (во продолжение Пријава) и носителите на сертификатот за сертификација на градежни производи, за постапката за сертификација, барањата и критериумите кои мораат да бидат задоволени за добивање и одржување на сертификатот, како и правата и обврските на ТС ГЕИНГ, подносителот на Пријава и носителот на сертификатот во постапка на добивање и одржување на сертикацијата.

## 1.2 Подрачје на примена

Правилата се првенствено наменети за Клиентите, подносителите на Пријава / носителите на сертификат и нивните подизведувачи, а ги користат вработените и ангажираниот кадар на ТС ГЕИНГ, Лабораторијата за испитување на геомеханика, градежни материјали и животна средина ГЕИНГ и членови на надворешните тела на ТС ГЕИНГ.

Овој документ произлегува од ПРВ.08.01 Општа шема за сертификација.

## 1.3 Одговорности

Производителот има одговорност за сообразност на производот/контрола на фабричко производство со барањата на техничките спецификации.

ТС ГЕИНГ има одговорност постапката за сертификација да ја спроведе во согласност со барањата на техничките спецификации и законските обврски.

## 1.4 Референтни документи

- **Уредба (ЕУ) 305/11** Регулатива (ЕУ) бр. 305/2011 на Европскиот Парламент и на Советот од 9.03.2011 година за утврдување на усогласените услови за ставање на пазар на градежни производи - позната како Construction Products Regulation 305/2011/ЕУ, CPR (во понатамошниот текст Уредба);
- **Закон за градежни производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 104/15, 192/15, 53/16, 120/18 и 150/21);
- **МКС EN/ISO IEC 17065:2012** – Барања за Тела за сертификација на производи, процеси и услуги;
- **МКС EN ISO 19011:2018**– Упатства за проверка на системи за менаџмент;
- **МКС EN ISO/IEC 17000:2020** - Оцена на сообразност – Речник и општи поими.

## 1.5 Дефиниции и кратенки

- **Сертификација –** Постапка во која трета страна дава писмена гаранција дека производите се во сообразност со утврдените барања кои се специфицирани во нормативните документи, како што се прописи, стандарди и технички спецификации;
- **Шема за сертификација** – Систем на сертификација, кој се однесува на специфицирани производи на кои се применуваат специфицирани барања, специфични правила и процедури;

- **Хармонизирано подрачје** е подрачје во кое градежните производи се пуштаат на пазарот или ставаат на располагање на пазарот во согласност со Уредбата, односно оцена и потврда на постојаност на својствата во согласност со усогласените технички спецификации;
- **Нехармонизирано подрачје** е подрачје во кое производ се пушта на пазарот, а за кој не постои техничка спецификација;
- **Градежен производ** е секој производ или група на производи, произведени и пуштени на пазарот за трајно вградување во градежните објекти или делови од нив, а чии својства имаат ефект врз својствата на градежните објекти во согласност со основните барања за градежни објекти;
- **Својства на градежниот производ** се својства кои треба да ги има градежниот производ согласно со хармонизираните технички спецификации или технички прописи за нехармонизирано подрачје, а поврзани со соодветните суштински карактеристики, искажани преку ниво, класа или описно;
- **Оцена и потврда на постојаност на својства:** сертификација на градежни производи која се темели на задачите за производителот и телото за сертификација;
- **Производител** е секое физичко или правно лице кое што произведува градежен производ, или го препродава под свое име или трговска марка градежниот производ произведен од друг производител;
- **Тело за сертификација на производот** е независно именувано тело за сертификација именувано од Министерството за економија на РМ, што врши оцена на сообразност и издава Сертификат за постојаност на својствата на градежниот производ;
- **ЗГП** – Закон за градежни производи;
- **ГЕИНГ –** ДГПУ „ГЕИНГ“ ДОО;
- **ТС ГЕИНГ –** Тело за сертификација на градежни производи ТС ГЕИНГ;
- **Пријава** – Пријава за оцена и потврда на постојаност на својства;
- **Клиент** – Подносител на барањето за сертификација вклучувајќи ги барањата на производот: Производител или овластен застапник кој поднесува барање и склучува договор со ДПГУ ГЕИНГ ДОО;
- **Фабричка контрола на производство (ФКП)** е документирана, постојана и внатрешна контрола на производство во фабрика/производствен погон, во согласност со соодветни хармонизирани технички спецификации (соодветно на Контрола на фабричко производство согласно ЗГП);
- **Изјава за својства** е документ изработен во согласност со прилог III од Уредбата за својства кои се значајни за градежниот производ која ја издава производувачот на основа на спроведени оценки проверки на постојаност на својства во согласност со прилог V од Уредбата за хармонизирано подрачје, освен во случаи кога градежниот производ е од нехармонизирано подрачје, согласно со членот 14 од Законот за градежни производи;
- **РСО –** Раководител на сертификационен одбор;
- **СО –** Сертификационен одбор;

- **ТОН –** Тим за оценување и надзор;
- **Лабораторија ГЕИНГ -** Лабораторијата за испитување на геомеханика, градежни материјали и животна средина ГЕИНГ;
- **Надворешни ресурси (outsource) –** Испорака на услуги од страна на надворешни ресурси.
- **Приговор** - Барање од клиентот, т.е. правното лице кое е предмет на сертификација, упатено до ТС за повторно разгледување на одлуката која е донесена од нејзина страна и која се однесува на самата сертификација;
- **Жалба -** Изразување на незадоволство од страна на клиентот кон ГЕИНГ, кое што се однесува на активностите на ТС ГЕИНГ, и каде што се очекува одговор.
- **Опсервации -** Опсервации се коментари на ТОН за можни подобрувања на системот за управување со квалитет на клиентот, но доколку не се применат не претставуваат опасност за успешно функционирање на системот за квалитет.
- **Забелешка –** Мала несообразност која што не го нарушува и спречува понатамошниот процес на оценување, но е потребно да се превземат мерки, кои временски се контролираат по динамика и на начин со претходно договарање со Клиентот, евидентирано во Прашалниците од оценување и Извештајот од оценување.
- **Несообразност –** Сериозна грешка која го нарушува процесот и за истата е потребно да се превземе корективна мерка во предвиден рок (30 до 90 дена) со цел добивање или одржување на сертификатот.

## 2. Посебни одредби и активности

Системите за оцена и потврда на постојаност на својства на градежни производи се воспоставени на основа Законот за градежните производи сите засновани на европското законодавство и соодветната регулатива за градежни производи (Рег. ЕУ бр. 305/11).

## 3. ТС ГЕИНГ КуК

Телото за сертификација ТС ГЕИНГ е функционално независен сектор во состав на ГЕИНГ и е **Именувано Тело за сертификација на градежни производи од страна на Министерството за економија**, со Решение бр. 18-4854/2.

ТС ГЕИНГ е акредитирано тело за сертификација согласно МКС EN ISO/IEC 17065 од страна на Институтот за акредитација на Република С.Македонија и поседува Сертификат за акредитација СТ-011.

Согласно Законот за градежни производи (Сл. весник на РМ бр. 104/15, 192/15, 53/16, 120/18, и 150/21) за хармонизирани и нехармонизирани порачја, ТС ГЕИНГ на компетентен, доверлив и непристрасен начин ја оценува и потврдува постојаноста на својствата на градежните производи за систем на оцена 2+, во следниов опсег:

**Хармонизирано подрачје:**

- агрегати за бетон, согласно МКС EN 12620+A1:2009;
- агрегати за асфалтни мешавини (битуменски мешавини и површински третман за патишта, аеродромски писти и други сообраќајни површини), согласно МКС EN 13043:2006, МКС EN 13043:2006 / AC:2006;

- агрегати за неврзани и за хидраулички врзани материјали, кои се користат во градежништвото и во изградбата на патишта, согласно МКС EN 13242+A1:2009;
- агрегати за железнички товар (застор), согласно МКС EN 13450:2006; МКС EN 13450:2006 / AC:2006;
- делкан камен, согласно МКС EN 13383-1:2006; МКС EN 13383-1:2006 / AC:2006.

**Нехармонизирано подрачје:**

- бетон, согласно МКС EN 206:2014+A1/2017 и МКС 1016:2018+A1:2020

Правниот статус на ТС ГЕИНГ е изразен преку правниот статус на ДГПУ „ГЕИНГ“ ДОО со Потврда за регистрирана дејност во Централен регистар на Република С. Македонија во Скопје под број: 0809-50/150120210033607 од 25.10.2021 година.

**Адреса:** ул. Борис Трајковски бр.111, 1050 Скопје

**Телефон:** +389 (0)2 3109 795

**Факс:** +389 (0)2 3246 281

**Е-пошта:** certification@geing.com.mk

**Вебсајт**: www.geing.com.mk

На национално ниво ТС ГЕИНГ е гласноговорник за спроведување на европските регулативи од областа на градежните производи.

Именуван и одговорен кадар во ТС ГЕИНГ се членовите на СО кои се вклучени во преиспитување на документацијата на производителот во прилог на сообразноста на документите и записите со барањата на соодветните технички спецификации, прописи и правила на серитификација; РСО кој во процес на сертификација ја преиспитува постапката за оцена, носи одлуки за сертификација и потпишува сертификат и евалуаторите, т.е. членовите на ТОН, кои ја спроведуваат оценката и надзорот преку почетен преглед на фабричкото производство и контрола на фабричко производство и надзор, оценување и вреднување на ФКП.

Телото за непристрасност и рамнотежа на интереси (ТНРИ) е надворешно тело кое учествува во работата на ТС ГЕИНГ во прилог на спроведување и зачувување на механизмините за непристрасност и рамнотежа на интереси на сите заинтересирани страни.

## 4. Сертификација на Фабричка контрола на производство (ФКП).

### 4.1 Критериуми на сертификација/ промена на критериуми

Процесот на сертификација и одржување на сертификација ТС ГЕИНГ се спроведува според барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17065.

Барањата за сертификација кон подносителот на пријавата, се одредуваат јасно и еднозначно со договорот кој е составен дел од овие Правила и соодветната сертификациска шема која ТС ГЕИНГ ја има изработено за конкетни производи/група на производи.

Своите системи за управување со документи со задолжителна примена (закони, правилници, технички прописи) мораат да ги усогласат Клиентот и ТС ГЕИНГ.

ТС ГЕИНГ е обврзан навремено да го извести Клиентот за измени во сертификациските критериуми (на пр. нови стандарди) во сертификациските шеми и да одреди во кој рок треба да бидат применети измените, т.е. да го надгледува

нивното спроведување во системот на управување со постапки и процеси кај Клиентот. Ако до истекот на рокот Клиентот не ги спроведе измените, рокот на важење на сертификатот нема да биде продолжен. Во такви случаи сертификацијата привремено се прекинува, суспендира, или повлекува, кое може да биде и на барање на Клиентот.

### 4.2 Пренесување на сертификација

Доколку Клиентот промени сопственик, сертификацијата може да биде пренесена на новиот сопственик под услов да:

- новиот сопственик ја прифати и потврди Политиката за квалитет и системот на управување со квалитет;
- именуваните/ одговорните и клучни лица останат исти;
- постапките останат исти;
- релевентниот простор и опрема остануваат исти.

При тоа не се менува планот на спроведување на надзорни прегледи.

### 4.3 Непристрасност и независност

ТС ГЕИНГ ја обезбедува својата непристрасност и независност во постапките преку:

- стратегија и политика на одржлив развој на ГЕИНГ
- начин на донесување на одлука за сертификација
- оценување

Услугите на ТС ГЕИНГ се достапни на сите Клиенти во подрачје на дејствување за кое е овластен. Непристрасност и независност се обезбедува со начинот на организирање и функционирање на ТС ГЕИНГ, вклучувајќи го надзорот на надворешното Тело за одржување на непристрасност и рамнотежа на интереси (ТНРИ) во согласност со точка 5.2 од стандардот МКС EN ISO/ IEC 17065, кое е именувано од Управителот на ГЕИНГ на предлог на одредени државни органи, установи и/или здруженија.

ТС ГЕИНГ спроведува оценување со непристрасни и независни членови на ТОН.

Тоа се осигурува со реализација на Политиката и целите за квалитет, со запознавање на сите членови на ТОН со барањето за непристрасност и независност, со потпишување на Изјава за непристрасност, независност, интегритет, со непостоење судир на интереси како и други соодветни начини (Одлуки на Управителите на ГЕИНГ).

ТС ГЕИНГ спроведува постапки за надзор на недискриминаторски и објективен начин, а препораките во врска со сертификација (преиспитување и носење на Одлуки) ги носат лица кои што не учествувале во оценување на сообразноста.

Непристрасноста и независноста е осигурана со Одлука на Управителите на ГЕИНГ.

### 4.4 Доверливост

Доверливи информации, добиени во текот на постапката на сертификација, именуваните/одговорните лица не смеат да ги стават на располагање на трети лица, без писмена согласност од Клиентот.

Во случај кога постои законска обврска за објавување на такви информации, заинтересираните страни ќе бидат за тоа известени во писмена форма. Таков случај

се однесува на известување на ИАРСМ односно, ресорното министерство за доделување на сертификати, за повлекување на сертификација кога тоа е соодветно.

Именуваните/одговорните лица и лица ангажирани од ТС ГЕИНГ се обврзуваат на чување на доверливост на документи и податоци на Клиенти со потпишување на договор за работата и потпишување на посебни изјави.

Документацијата на сертификационата постапка е достапна само на именуваните членови на ТОН, именуваните членови на СО и Раководителот на СО и истата се чува на сигурен начин.

Сите информации за подносителите на пријави и носителите на сертификати се сметаа за доверливи, со исклучок на одлуката за сертификација и општите информации за носителот на сертификатот, како што се: Назив и адреса на производителот/овластениот застапник, назив и адреса на производствениот погон з подрачјето на сертификција. Тие информации се јавно достапни на веб страната на ГЕИНГ, преку Регистарот на издадени сертификати на ТС ГЕИНГ.

Пристапот до просториите на ТС ГЕИНГ е контролиран, а на Клиентите, и посетителите им е дозволен престој во просториите на ТС ГЕИНГ единствено во присуство на постојано вработен.

## 4.5 Одговорни лица и Раководството на ТС ГЕИНГ

Одговорните лица се запознаени и тоа го докажуваат со потпишување на изјава:

- Со постапките на управување на системот за квалитет од документите ТС ГЕИНГ, прирачникот за квалитет и придружните документи;
- Со опсегот на своите овластувања и одговорности;
- Со обврската да се непристрасни, самостојни и независни при активностите на сертификација/ надзор/ испитување;
- Со обврската да го запознаат ТС ГЕИНГ за своите директни/ индиректни, сегашни и/или претходни врски со Клиентот или проектантот на предметот на сертификација;
- Со обврската за чување деловни тајни.

Со Одлуките на Управителот на ГЕИНГ, Раководството на ТС ГЕИНГ осигурува одговорност на лицата во текот на спроведувањето на постапката на сертификација со обврските, а со Статутот се осигурува доверливоста на одговорните лица со обврските.

Непридржувањето на обврските резултира со тешка повреда на работните обврски во согласност со РУ.01.06 Куќен ред, кодекс на однесување, и деловна тајна / Договорот за вработување.

## 4.6 Подрачје на сертификација

ТС ГЕИНГ ја прифаќа Пријавата за сертификација на секој Клиент, било да се работи за производител на производи од Република С.Македонија, или надвор од РСМ, од области на својата дејност и овластување.

Пријавата се поднесува за градежни производи/група на производи за кој Клиентот смета дека може да докаже сообразност. Подрачјето и содржината на Пријавата финално се одредува во текот на воведниот состанок во постапка на оцена на ФКП.

Со договорот (спогодба за сертификација) се уредуваат меѓусебните обврски пред почетокот на сертификација.

Измените како намалувањето на опсегот на сертификација, во текот или на крајот на сертификација, нема да се прифатат, посебно ако такво барање се основа на негативни резултати од оценувањето.

## 4.7 Места и начин на оценување

На почеток на прегледот, покрај оценувањето на место на производство, оценувањето може да се спроведе и на други локации, ако се тие места важни за подрачјето на сертификација, на пр. ако процесот на лабораториско испитување е спроведено со надворешни ресурси и се наоѓа на друга локација.

За надзорен преглед однапред се договараат местата на кои ќе се спроведува оценувањето.

Во случај на вонредни услови (непогоди или виша сила), а со цел запазување на безбедносни услови при оценувањето, оценувањето кај клиентот може да биде спроведено и онлајн (Online) односно далечинско оценување.

Исто така, далечинско оценување може да се спроведе и по проценка и одлука од страна на ТС ГЕИНГ со претходно известување и потврдување од страна на клиентот.

Далечинско оценување се спроведува само во надзорната оценка која не вклучува проширување на опсег на сертификација на ФКП.

## 4.8 Јазик на сертификација

Сертификатот за сообразност на ФКП мора да биде напишан на македонски јазик и кирилиско писмо. Службен јазик во постапката на спроведување на сертификација е македонскиот. Ако оценувањето се спроведува за производители надвор на Република С. Македонија за комуникација по правило се користи англискиот јазик. Согласно обврските од договорот, поединечни делови од документацијата можат да бидат доделени и издадени на англиски јазик.

По потреба, во постапката може да се вклучи преведувач или друг експерт кој ќе осигура точен превод. Ако е потребно да се преведе дел од документацијата на Клиентот, тоа Клиентот мора сам да го обезбеди, што е предмет на договарање.

## 4.9 Трошоци за сертификација

Трошоците за сертификација се на товар на Клиентот. Трошоците се одредени во ценовникот и понудата, односно договорот со ТС ГЕИНГ.

## 4.10 Информација

На Клиентот и другите заинтересирани страни, корисници на услугите на ТС ГЕИНГ, достапни им се сите неопходни информации за постапките на сертификација, а неопходните документи се наоѓаат на интернет страната на ГЕИНГ www.geing.com.mk.

На барање на клиентот, ТС ГЕИНГ може да обезбеди и други информации во врска со Уредбата и ЗГП, за што трошокот го сноси клиенот.

## 5. Шема за сертификација

### 5.1 Активности пред доставување на Пријава

#### 5.1.1 <u>Пројавување на интерес</u>

Клиент кој е заинтересиран за сертификација треба да го извести ТС ГЕИНГ за намерата во писмена форма (по пошта, факс или е-пошта), усмено (телефон), или со посета. Писменото барање треба да содржи барем:

- Општи податоци на Клиентот (назив, адреса, телефон, факс, адреса на е-пошта, име на лицето за контакт);
- Основни податоци за производот и неговата конечна предвидена намена.

#### 5.1.2 <u>Информативен состанок</u>

Пред поднесувањето на Пријавата, на иницијатива на Клиентот или ТС ГЕИНГ, може да се организира информативен состанок за да се запознае Клиентот со критериумите на сертификација од делокругот на опсегот на ТС ГЕИНГ.

#### 5.1.3 <u>Документи за реализација</u>

Во рок од 8 (осум) дена од покренувањето на иницијативата пројавувањето на интерес, ТС ГЕИНГ на заинтересиранаата странка ќе и достави образец Пријава за оцена и потврда на сообразност на својства на која е списокот на документи кои треба да ги достави заедно со пријавата како и други информации (понуда).

### 5.2 Пријава за оцена и потврда на постојаност на својства

#### 5.2.1 <u>Доставување на документи со пријава</u>

Клиентот ја поднесува Пријавата кога може да докаже дека има документиран, применет и одржуван систем за управување со производството, основан на применлив стандард и други документи. Пријавата ја прима Раководителот на СО.

Пополнетата Пријава треба да содржи најмалку:

- Основни податоци за производот кој ќе биде сертифициран и конечната намена на истиот;
- Стандард и/или други нормативни документи според кои Клиентот бара сертификација (задолжително да се користи последно важечко издание на технички спецификации/стандарди );
- Основни податоци за Клиентот (назив и адреса, физички локации, процеси и активности);
- Општи информации за Клиентот релевантни за подрачјето на Пријавата (човечки и технички ресурси, лабораторија и/или постројката за контролирање и сл.);
- Информација во врска со сите процеси кои се спроведени од надворешни ресурси кои Клиентот ги користи, а кои влијаат на сообразноста;
- Сите други потребни информации во согласност со релевантните барања за сертификација, како што се информациите за почетно оценување и

активности за надзор, локација на која се произведува сертифицираниот производ и лицата за контакт на локацијата.

Пријавата мора да ја потпише одговорна личност на подносителот на пријава, со што, не само што ја потврдува вистиноста на изнесените податоци, се обврзува да ги почитува барањата за сертификација и достави сите потребни информации за спроведување на постапката.

Пријавата за сертификација се однесува на еден производствен погон.

Во случај кога Клиентот идентификува друго правно лице кое произведува сертифициран производ, тогаш ТС ГЕИНГ воспоставува соодветен договорен однос со тоа лице пред поднесувањето на официјалната документација за сертификација.

Ако се работи за проширување на сертификација за друг производ, тогаш постапката на пријавување треба да се повтори, на ист начин како за првиот производ.

### 5.2.2 <u>Преиспитување на Пријава</u>

РСО ја преиспитува и оценува валидноста и потполноста на Пријавата за да се обезбеди дека:

- Информациите за Клиентот и производот се валидни за спроведување на процесот на сертификација;
- Сите разлики на релација Клиент/ТС ГЕИНГ се разрешени;
- Е дефиниран предметот и бараното подрачје на сертификација;
- Има расположливи средства за спроведување на сите активности на оценување;
- Има ресурси за спроведување на сертификација.

Доколку ТС ГЕИНГ не може да ја прифати Пријавата, ако е подрачјето вон подрачјето на делување или од некои други причини, Клиентот за тоа ќе биде известен, а сите документи вратени.

Во фазата на преиспитување на Пријавата, задолжително мора да се провери од страна на РСО дали се користат последно важечко издание на технички спецификации.

РСО со својот потпис потврдува прифаќање на Пријавата.

### 5.2.3 <u>Договор за сертификација</u>

Откако ќе се отстранат сите евентуални несообразности и ќе се разрешат сите разлики во разбирањето на шемата за сертификација и други информации во врска со производот, ТС ГЕИНГ потпишува Договор за сертификација со Клиентот.

## 5.3 Оценување на сообразност на ФКП

### 5.3.1 <u>Назначување на ТОН</u>

РСО именува Тим за оценување и надзор (ТОН) (ОБ.08.03/1 Одлука за избор на именувани лица), Водач на ТОН и членови, земајќи го предвид стручното подрачје на сертификација. ТОН по правило има најмалку еден член.

Оценувачи се Водачот и членот/вите на ТОН. Во групата на оценувачи можат да бидат и членови на ТС ГЕИНГ кои се во постапка на практичниот дел на обука за оценувачи. Оценувачите се должни да ги задоволат барањата за непристрасност, независност, и чување на деловна тајна на доверливи документи и податоци, до кои ќе имаат пристап во текот на постапката на оценување, што го потврдува со потпис на соодветна изјава. Клиентот има право да стави образложена забелешка на именуваниот ТОН. ТС ГЕИНГ ја разгледува забелешката и ако ја оцени како оправдана, именува друг/и оценувачи. Ако ја оцени како неоправдана, а Клиентот и понатаму инсистира на забелешката, тоа се смета како жалба и се покренува постапка во согласност со ПР.04.12 Процедура за приговори и жалби.

### 5.3.2 Оценување на документите доставени со Пријавата

Со оценување на документите со Пријавата се утврдува сообразноста на документите и записите со барањата на соодветните технички спецификации, прописи и правила на сертификација.

Член на СО, кој го назначува РСО ја оценува валидноста и содржината на документите со Пријавата и во случај на непотполност бара дополнителни податоци, документи и др. пред започнувањето на постапката за сертификација.

Во случај на забелешки на обемот, содржината и/или валидноста на документите во прилог на Пријавата, тие мораат да бидат отстранети пред потпишувањето на договорот за сертификација.

На основа на оценувањето на документацијата, може да се предложи предоценување или одбивање на Пријавата.

Оценувачот со својот потпис на прилог од пријавата ја потврдува сообразноста на документите доволни за спроведување на почетен преглед и фабричка контрола на производство.

### 5.3.3 Предоценување

На барање и на трошок на Клиентот, ТС ГЕИНГ може да спроведе предоценување. Во текот на предоценувањето се оценува реалната подготвеност на Клиентот за отпочнување на постапка на сертификација. Клиентот добива извештај од спроведеното предоценување, кој содржи и мислење во врска со можноста за продолжување на постапката за сертификација.

### 5.3.4 Почетен преглед на производство и ФКП

Во случај на промена на дефинираниот предмет и на бараното подрачје за сертификација (намалување или проширување), на барање на Клиентот, задолжително мора да следи писмено известување од страна на Клиентот до ТС ГЕИНГ, најдоцна до почетокот на фаза почетен преглед на производството и фабричка контрола на производството, со точно дефинирање на предметот и подрачјето за сертификација.

Почетниот преглед на производство се спроведува според ПРВ.08.01 Општа шема за сертификација, соодветната техничка спецификација за производот, почитувајќи ги барањата на стандардите МКС EN/ISO IEC 17065 и ISO 19011 - Упатства за проверка на системи за менаџмент.

. Оваа постапка (почетен преглед на производство и фабричка контрола на производство) се спроведува во три фази:

**i. Воведен состанок**

Водач на ТОН и клиентот утврдуваат План и програма за оценување (ОБ.08.01/2) и конечното подрачје на оценување кое после ова не може веќе да се менува,

**ii. Преглед и оценување**

Клиентот мора да им овозможи на оценувачите увид во сите релевантни документи, должен е да овозможи пристап во сите простории поврзани со бараното подрачје на сертификација, т.е. контакти со лица вклучени во постапките опфатени со оценката. Ако се констатира дека подготвеноста е недоволна, со одлука на Водачот на ТОН оценувањето може да премине во предоценување.

**iii. Завршен состанок**

ТОН ги известува Клиентите за резултатите од оценката, што вклучува утврдени наоди/опсервации, забелешки и несообразности (ако ги имало).

Заклучокот од оценувањето е Извештај кој се врачува или на лице место, а Клиентот го потврдува со потпис или Извештајот може да го достави и дополнително, но најдоцна 14 денови после завршеното оценување. Клиентот има право да не го потпише Извештајот и да поднесе жалба до ТС ГЕИНГ.

Во случај во текот на (пред)оценувањето да се утврдени несообразности, а Клиентот изрази интерес да продолжи со процесот на сертификација, рокот за нивно отстранување е предмет на договор, но не е подолг од 30 денови. Водачот на ТОН е обврзан да овозможи, за дополнителни барања на оценување, информации кои се потребни за да се отстранат несообразностите. Во оправдани случаи, рокот може да се продолжи, но не повеќе од 90 дена.

## 5.4 Одлука за доделување на сертификација

### 5.4.1 <u>Претходни активности</u>

Во договорен рок Клиентот е должен да го извести ТС ГЕИНГ за отстранување на несообразностите и да достави докази дека договорените корективни мерки се спроведени. ТОН ја утврдува валидноста на спроведените корективни мерки. Утврдувањето на ефикасноста на корективните мерки може да вклучи и дополнителна посета на Клиентот, чии трошоци мора да бидат покриени.

Ако несообразностите не се отстранат во рок од 90 денови, постапката се прекинува и може повторно да се отпочне единствено со поднесување на нова Пријава.

Новата Пријава може да се поднесе по 3 (три) месеци од денот на прекинот на постапката.

### 5.4.2 <u>Предлог на ТОН</u>

Врз основа на резултатите од оценувањето и Извештаите од оценувањето на почетниот преглед на производство, оценување на фабричка контрола на производство, како и завршената постапка со корективни мерки, Водачот на ТОН доставува предлог за сертификација до Раководителот на СО.

Во предлогот се следниве опции:

**а) Сертификација се препорачува во пријавениот обем и подрачје,**

**б) Сертификација се препорачува во намален обем и подрачје,**

**в) Сертификација не се препорачува.**

### 5.4.3 Преиспитување

Преиспитување на сите релевантни информации и резултати од оценувањето, Извештај од оценување на сообразноста и предлог одлука ги врши РСО како назначена личност од Раководството на ТС ГЕИНГ, со што се обезбедува преиспитувањето да го спроведе личност која не била вклучена во предметното оценување.

### 5.4.4 Одлука за сертификација

Врз основа на преиспитувањето и позитивната оцена на ТОН, РСО донесува Одлука за доделување на сертификат.

### 5.4.5 Сертификат

Сертификатот за постојаност на својства на производи (систем на потврдување 1+) се однесува на еден производ, а сертификатот за сообразност на фабричка контрола на производство ФКП (систем 2+) може да се однесува на повеќе производи, а списокот на производи е во прилог на сертификатот.

Сертификатот се доставува на Клиентот откако ќе се регулираат сите трошоци за сертификација. Сертификатот има рок на важење до неговото повлекување.

Во согласност со соодветната техничка спецификација за производот, најмалку еднаш годишно се оценува валидноста на сертификацијата преку надзор и/или контролно испитување на случаен примерок. За одлуката, дали постојат услови за доделување или не, или позитивната Одлука се однесува само на дел (одреден, а не целиот) обем на сертификација на производ, ТС ГЕИНГ го известува Клиентот, ИАРСМ и ресорното Министерство.

На Одлуката може да се поднесе жалба.

### 5.4.6 Изјава за својства

Клиентот / носителот на сертификат на основа на добиениот Сертификат издава Изјава за својства која не се повлекува сѐ додека сертификатот е валиден. Со Изјавата за својства Клиентот потврдува дека се спроведени сите активности одредени за оценување на сообразност, т.е. дека е докажана сообразност со техничката спецификација.

### 5.4.7 Регистар на издадени сертификати

ТС ГЕИНГ КУК води и одржува ОБ.08.04.01 Регистар на издадени сертификати, кој е јавен, достапен на веб сајтот на ТС ГЕИНГ. Регистарот на ТС ГЕИНГ содржи идентификација на Клиентот (име и адреса, лицето кој го пушта производот во промет, локација а производствен погодн), назив на производот и техничката спецификација според кој е сертифициран, опис на подрачјето за кој е сртифициран број на сертификатот/прилогот и датум на издавање, т.е. статусот на документот.

### 5.4.8 Документација за сертификација

Во текот на важењето на сертификацијата во ТС ГЕИНГ се чува формална документација во врска со сертификацијата.

Клиентот е обврзан да му ги доставува на ТС ГЕИНГ сите податоци за евентуални промени, приговори, жалби на купувачи, наоди на инспекциски органи и други податоци важни за потврдување.

# 6. НАДЗОР

## 6.1 Општи одредби

ТС ГЕИНГ спроведува надзор над производот односно надзор на фабричката контрола на производство ФКП со цел да се осигура постојана валидност на покажаната исполнетост на барањата за сертифициран производ.

Услов за одржување на сертификатот е трајно и целосно задоволување на сертификационите критериуми. Периодичниот надзор на означени производи се спроведува во период од денот на издавање на сертификатот до денот на истекување на валидноста.

Обемот на редовниот надзорен преглед е одреден согласно сертификациската шема.

## 6.2 Видови на надзорни прегледи

ТС ГЕИНГ спроведува редовни и вонредни надзорни прегледи.

### 6.2.1 <u>Редовни надзорни прегледи</u>

Се спроведуваат согласно годишниот план за надзор и во согласност со сертификациските шеми, во обем кој го одредува Водачот на ТОН. Мора да се оцени секое барање на техничката спецификација на основа на која е доделена сертификацијата. Се спроведува во согласност со барањата на техничката спецификација и критериумите на сертификација, откако е издаден сертификатот. Рокот во кој мора да се спроведе редовен надзор е месец пред или после во однос на планираното време на надзор.

Постапката на спроведување на редовен надзорен преглед претежно е ист како и првиот преглед и го спроведува еден од членовите од ТОН. Околу терминот на редовниот надзорен преглед, ТС ГЕИНГ го известува Клиентот/носителот на сертификат најдоцна 14 дена пред планираниот рок.

ТС ГЕИНГ може да побара доставување на соодветни документи и записи, кои оценувачот ќе ги користи во рамки на подготовката за оценување, ако смета дека е потребно. Надзорниот преглед кај Клиентот/носителот на сертификат, освен барањата на стандардот, мора секој пат да:

- ја оцени ефикасноста на спроведените корективни мерки и/или други активности за отстранување на несообразности утврдени во текот на претходното оценување и/или надзорниот преглед,
- го провери правниот статус и сопственички однос,
- го оцени спроведувањето на внатрешното оценување (интерен аудит) и преиспитувањето од страна на раководството,
- го провери составот и статусот на лица вклучени во спроведувањето на сертификација,
- го оцени спроведувањето на постапката за која е доделена сертификацијата според утврдениот план,
- да спроведе со вертикален аудит оценување на сите активности на фабричка контрола на производство,

- да спроведе сеопфатно оценување на фабричка контрола на производство преку постапки на хоризонтално оценување (на пр. управување со документи, програма за обука на лица и сл.)
- ја оцени состојбата на испитната и/или мерната опрема во однос на статусот на калибрирање, кога е применливо,
- утврди следливост до национални или меѓународни еталони, како и учество во програми на меѓулабораториски споредби и испитување на оспособеност.

Извештајот од редовниот надзорен преглед може да содржи и препораки за следни активности (на пр. рок за следен надзорен преглед и др.) и истиот се доставува во рок од 15 дена од денот на завршување на надзорниот преглед.

Доколку во текот на надзорниот преглед се утврдени несообразности, рокот за нивно отсттранување е најмногу 1 месец.

#### 6.2.2 <u>Вонреден надзорен преглед</u>

Се спроведува на основа на:

1. Жалби/приговори во писмена форма,
2. Промена која може да влијае на критериумите (промена на правен статус, раководство, промена на именувани/одговорни лица, промена на постапки, итн.),
3. Барање за обнова на валидноста на сертификатот после привремен прекин (суспензија),
4. Барање за проширување на подрачје и обем на сертификација.

Одлуката за спроведување на вонреден надзорен преглед ја носи Раководителот на СО, на предлог на Водачот на ТОН.

Доколку се утврди оправданост на жалбата/приговорот, трошокот за надзорот паѓа на товар на Клиентот/носителот на сертификатот, а во спротивно, трошокот на надзорот е на товар на тој што ја поднел жалбата/доставил приговор.

Во сите останати случаи од точките 2 до 4 трошоците се на товар на Клиентот/носителот на сертификат.

#### 6.2.3 <u>Носење на Одлука за продолжување на валидноста/важноста на сертификатот</u>

Раководителот на СО ја носи Одлуката за продолжување на валидноста на сертификатот, на основа на дадениот предлог на ТОН во извештај од надзорен преглед и записите од резултатите од случајно земените примероци (каде што тоа е применливо) и ја доставува до Клиентот/носителот на сертификат. На Одлуката може да се поднесе жалба.

## 7. УПРАВУВАЊЕ СО СЕРТИФИКАТОТ

### 7.1 Обновена сертификација

Сертификатот има важност до повлекувањето. Обновена сертификација се спроведува на начин како што се спроведува првата сертификација. Обновена

сертификација може да биде после трајно укинување на сертификатот, или после големо проширување на обемот и подрачјето на сертификација.

Одлуката за обновена сертификација се носи на ист начин како кај носењето на првата Одлука за сертификација.

### 7.2 Проширување на подрачјето на сертификација

Се спроведува на ист начин како и постапката на почетна сертификација. Пријавата за проширување може да се предаде на ТС ГЕИНГ било кога, но препорака е да се спроведе во рамки на редовниот надзорен преглед. Пријавата нема да се прифати доколку не се отстранети претходно утврдените несообразности или не се извршени обврски према ТС ГЕИНГ.

Проширувањето на подрачјето на сертификација не влијае на рокот на важност на сертификатот.

Препораката за проширување на сертификација ја носи Водачот на ТОН, врз основа на прегледот и оценката на документите на спроведената постапка за сертификација. Одлуката за проширување на сертификацијата ја носи Раководителот на СО. На одлуката, Клиентот може да поднесе жалба.

## 8. ОДГОВОРНОСТИ И ОБВРСКИ

### 8.1 Обврски на Клиентот/корисникот на сертификат

Корисникот на сертификатот мора секогаш и трајно да ги задоволува сертификационите критериуми и во сè да постапува согласно со пропишаните правила. Се бара:

- непрекинато исполнување на барањата за подрачјето за кое сертификатот е издаден што вклучува и прилагодување на измените во сертификационите критериуми,
- давање на потребна помош и соработка за да се овозможи проверка на исполнетите сертификациони барања,
- овозможување на достапност на информации, документи и записи неопходни за оценување и одржување на сертификација,
- овозможување на достапност на документи на основа на кои се утврдува ниво/степен на независност и непристрасност на лица кои се во системот за управување со квалитет кај Клиентот,
- организирање на таканаречен witness audit (сведочење на работа), на барање на ТС ГЕИНГ,
- почитување на барањето и начинот на употреба на сертификација да не го наруши угледот на ТС ГЕИНГ,
- плаќање на трошоците за спроведување на сертификација како што е утврдено со договорните обврски,
- почитување на обврската да се известува ТС ГЕИНГ за сите важни промени во врска со сертификацијата, во однос на: правен, комерцијален, сопственички или организационен статус, раководство и клучен персонал, политика, ресурси и локации, подрачје на сертификација, како и други

прашања кои можат да влијаат на способноста да се исполнуваат критериумите на сертификација,

- запознавање на ТС ГЕИНГ со сите приговори и жалби на сертифицираниот производ,
- чување на сите записи од приговори/ жалби,
- преземање на мерки за отстранување на причината за жалби,
- документирање на преземени мерки и за нив да се извести ТС ГЕИНГ.

## 8.2 Повикување на статус на носител на сертификатот

Дозволена е употреба на знакот за сообразност на документите во рамки на подрачје на сертификација. ТС ГЕИНГ презема мерки со цел да се осигура дека носителот на сертификат:

- во потполност ги задоволува барањата за бараниот сертификационен статус, кога се повикува на сертификацијата по пат на интернет, документи, комерцијални материјали, и сл.,
- го користи знакот за сообразност само за локации кои што се наведени во сертификацијата,
- не дава изјави во врска со сертификацијата, кои би можеле да се сфатат погрешно или како неосновани,
- води сметка Изјавата за својства или друг документ да не бидат издадени така што би навеле на погрешно толкување,
- во случај на суспензија или повлекување на сертификација да се прекине со употребата на знакот за сообразност.

Ако дојде до неточно повикување на статус, или непримерна употреба на знакот за сообразност, ТС ГЕИНГ ќе преземе соодветни мерки: барање корективна мерка, суспензија или повлекување на сертификацијата, или други постапки дефинирани со документот ПРВ.08.05 Правила на користење на сертификатот и знакот за сообразност.

## 8.3 Обврски на ТС ГЕИНГ

Телото за сертификација ТС ГЕИНГ се обврзува дека во текот на спроведување и одржување на сертификација ќе обезбеди:

- спроведување на сите постапки во согласност со утврдените правила,
- ограничувањето на активности на ТОН на оцена на ниво/степен на сообразност со критериуми на сертификација,
- независност и непристрасност на лица кои учествуваат во сертификација,
- доверливост на документи и информации, собрани во текот на постапката на сертификација,
- јавно достапни информации за статусот на сертификатот, кои ќе бидат редовно ажурирани,
- информација за следливост на резултати во однос на подрачје на сертификација,
- навремено известување за сите промени на критериумите на сертификација,
- информација за меѓународна соработка во која е вклучен ТС ГЕИНГ.

## 9. НАМАЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕ, СУСПЕНЗИЈА, ИЛИ ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАЦИЈА

### 9.1 Добороволно намалување на подрачје или суспензија (по барање на Клиентот)

Клиентот може да побара привремена суспензија на важноста (валидноста) на сертификација, за цело подрачје на сертификација (суспензија) или дел од подрачје на сертификација (намалување на сертификација). Траењето на суспензија/ намалување на сертификација е најмногу 6 (шест) месеци. Ако до тој рок не се стекнат услови за прекин на суспензијата, сертификацијата ќе биде повлечена во делот за кој е побарана суспензијата.

Суспензијата може да се прекине единствено после спроведената постапка на оценување.

### 9.2 Присилно намалување на подрачје или суспензија

Кога ќе се утврдат сите важни несообразности, во текот на редовниот или вонредниот надзор, или некоја друга постапка, можат да ја условат суспензијата или намалувањето на сертификацијата.

Присилната суспензија / намалување на подрачје на сертификација трае најмногу шест месеци, а може да се укине единствено после спроведена постапка на оценување. Ако во рокот не се стекнат услови за укинување на суспензијата, сертификацијата може да биде повлечена, односно сертификацијата ќе се намали во предметот и подрачјето на сертификација.

Времетраењето на суспензијата не влијае на рокот на важење на сертификација.

## 10. ПРЕСТАНОК НА СЕРТИФИКАЦИЈА

Во случај на повлекување, Клиентот мора задолжително да му ги врати на ТС ГЕИНГ претходно добиените сертификати. Датумот на повлекување се одредува со Одлуката за повлекување.

### 10.1 Барање за повлекување на сертификација

Клиентот може да побара повлекување на сертификацијата и за тоа во писмена форма да го извести ТС ГЕИНГ.

### 10.2 Повлекување на сертификација

Кога во текот на надзорот, редовен, вонреден или друга постапка, ќе се утврдат важни несообразности, тие можат да се причина за повлекување на сертификација. Корисникот на сертификација може повторно да стекне статус на сертификација со поднесување на нова Пријава и со спроведување на нова постапка на сертификација.

Пред истекот на шест месеци од денот на повлекувањето на сертификацијата Клиентот не може да поднесе нова Пријава.

## 11. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

### 11.1 Приговор

Клиентот има право на приговор. ТС ГЕИНГ ја оценува важноста на секој приговор, а во случај на оправданост презема соодветни мерки. За резултатите

од решавањето на приговорите го известува подносителот во писмена форма. За сите приговори и преземени мерки се водат записи. За приговор кој не е во писмена форма или е од неидентификуван извор, ТС ГЕИНГ постапува според проценката на издржаноста на самиот приговор.

### 11.2 Жалба

Жалбата е официјално доставено барање на Клиентот за преиспитување на, за него, неповолна Одлука на ТС ГЕИНГ, а се однесува на неговиот посакуван сертификационен статус. Политиката на ТС ГЕИНГ, согласно политиката за одржлив развој, е да не стекнуваат услови за поднесување на жалби во текот на сертификационата постапка. Меѓутоа, доколку до жалба сепак дојде, таа се решава без одолговлекување. За резултатите од постапката на решавање на жалби ТС ГЕИНГ го известува Клиентот, подносителот на жалбата, во писмена форма.

## 12. ПРИЛОЗИ

Прилог А

Табела: Задачи на Производител и Именувано тело за сертификација во зависност од системот на оцена

| Изјава за својства | Систем на оцена | ПРОИЗВОДИТЕЛ | | | | | ИМЕНУВАНО ТЕЛО ЗА ОЦЕНА – Тело за сертификација | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Определување на тип на производ врз основа на тестирање на типот | Постојана фабричка контрола на производство (ФКП) | Испитување на примерок врз основа на План за ФКП | Обележување на производ | Изјава за својства | Определување на тип на производ врз основа на тестирање на типот | Почетн преглед на производството и ФКП | Постојан надзор, оцена и евалуација на ФКП | Надворешна контрола/земање на случајни примероци | Сертифицирање на производ, односно Сертифицирање на ФКП |
| Сертификат + Изјава | 1+ | / | Да | Да | Да | Да | Да | Да | Да | Да | Сертифицирање на производ |
| | 1 | / | Да | Да | Да | Да | Да | Да | Да | / | Сертифицирање на производ |
| Сертификат + Изјава | 2+ | Да | Да | Да | Да | Да | / | Да | Да | / | Сертифицирање на ФКП |
| | 3 | / | Да | / | Да | Да | Да | / | / | / | / |
| | 4 | Да | Да | / | Да | Да | / | / | / | / | / |